RYDE
Regional Youth Dialogue for Europe

Funded by the European Union

# ЏЕБЕН ПРИРАЧНИК

Прирачник за млади гласачи: сè што треба да знаеш за локалните избори, за твоето право на глас, за твојата улога во демократијата и за начинот на кој можеш да придонесеш за подобра и поправедна заедница!



Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението Лидери за едукација, активизам и развој и не нужно ги одразува ставовитена Европската Унија.

# ЗОШТО Е ВАЖЕН ТВОЈОТ ГЛАС?

Гласањето на локалните избори е еден од најдиректните начини да влијаеш на прашањата што секојдневно те засегаат. На локалните избори се избираат луѓето кои одлучуваат за твоето училиште, твојата улица, автобусите со кои се возиш, спортските терени каде што тренираш, како и за тоа тоа тоа колку се слуша гласот на младите, а и на сите жители во твојата заедница.

Во нашата држава , секој полнолетен граѓанин има право на глас во својата општина преку локалните избори. Но, гласањето не е само формално право, туку и шанса да покажеш дека ти е важно како и кои одлуки се носат.  Со гласањето, ја покажуваш својата одговорност како граѓанин и ја поддржуваш културата на учество и демократија. Учеството во изборите е начин да се слушне твојот глас, со што стануваш дел од креирањето на иднината на твоето опкружување.

Сепак, за да имаш вистински придонес, најпрво мораш да се осигураш дека си информиран гласач . Овој прирачни ќе ти помогне да разбереш како функционира локалната власт, како изгледа изборниот процес, како да се подготвиш за денот на гласање и како да го искористиш твоето право на глас. Информираните граѓани се темелот на секое здраво демократско општество, и токму оние кои можат да имаат реално влијание врз него.

# ШТО Е И КАКО ФУНКЦИОНИРА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ?

Локалната власт е облик на самоуправа преку кој се регулираат прашањата кои ги засегаат граѓаните во нивната непосредна средина, односно во општината или градот во кој живеат.

**Опција 1 -** Под локална власт подразбираме облик на самоуправа кој им овозможува на граѓаните од една општина или град  да одлучуваат за прашања од нивната непосредна околина.

**Опција 2 -** Локалната власт им овозможува на граѓаните од една општина да одлучуваат за прашања кои се специфични за нивната непосредна околина. Таа е најблиската власт до народот и го уредува секојдневниот живот на локално ниво.

Преку локалната власт се решаваат прашања како:

- одржување на улиците и тротоарите,
- организирање на јавниот превоз,
- управување со училиштата,
- планирање на урбани простори,
- културни и спортски активности,
- програми за млади, животна средина и многу повеќе.

Секоја општина има своја локална власт која делува во рамки на Уставот и законите, но со можност да донесува независни одлуки што се специфични за потребите на локалната заедница. Ова значи дека жителите на една општина можат да имаат различни приоритети и решенија од оние во друга, па токму затоа е важно да учествуваш и да следиш што се случува во твојата општина.

## ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА ВЛАСТ

Во Македонија постојат 80 општини и Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа.  Секоја од нив има сопствени надлежности, буџет и органи на власт кои ги уредуваат прашањата од локално значење. Секоја општина има и свој статут, во кој се дефинирани нејзината организација и начин на работа, симболите, правата на жителите и начините за нивно учество.

## ОРГАНИ НА ЛОКАЛНА ВЛАСТ

Локалната власт се состои од два главни органи: градоначалникот и Советот на општината.  Советот е претставничко тело составено од избрани советници. Бројот на советници во секоја општина е утврден според бројот на жители и се движи од 9 до 33 членови, додека Советот на Град Скопје има 45 члена. Советниците имаат задача да носат одлуки, да го усвојуваат буџетот на општината, да ја следат работата на градоначалникот и да предлагаат локални политики. Градоначалникот е извршниот орган, кој ги спорведува одлуките на Советот. Други надлежности на градоначалникот вклучуваат и претставување и застапување на општината,  подготвување на предлози за буџет и програми, раководење со општинската администрација

Локалната власт, односно советот и градоначалникот заедно, имаат надлежности во области како што се основното и средното образование, урбанизмот и просторното планирање, локалната инфраструктура, јавниот транспорт, екологијата, комуналните услуги, локалниот економски развој, како и програмите за млади, култура и спорт. Општините исто така имаат обврска да обезбедат транспарентност и вклученост на граѓаните во носењето одлуки.

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

Локалните избори се клучен момент кога граѓаните ја избираат својата локална власт – градоначалникот и советот на општината. Изборите се одржуваат на секои четири години. Процесот на организација и спроведување на изборите изгледа вака:

- Локалните избори се распишуваат од страна на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, најмалку 70 дена пред денот на гласањето. Откако изборите ќе бидат распишани, започнува официјалниот изборен процес кој го организира и спроведува Државната изборна комисија (ДИК). На локално ниво, спроведувањето го координираат Општинските изборни комисии, кои се одговорни за непречено одржување на изборите во своите општини.

- По распишувањето, кандидатите имаат можност да се пријават за учество на изборите. Тие може да бидат предложени од политички партии, коалиции или да се кандидираат како независни кандидати. За да бидат независните кандидати прифатени, тие мораат да соберат одреден број na потписи од гласачите запишани во избирачкиот список, согласно Изборниот законик.

- Следи период за предизборни кампањи кој трае 20 дена. Во тој период, кандидатите ги претставуваат своите програми, визии и ставови преку јавни настапи, дебати, плакати и социјални мрежи, со цел да ја освои довербата на гласачите. Кампањата завршува со изборен молк, кој започнува 24 часа пред денот на гласањето и за време на кој е забрането било какво политичко убедување или промоција.

- На денот на изборите, гласачите во својата општина гласаат за две позиции: градоначалник и членови на општинскиот Совет.

- За изборите да бидат валидни, неопходно е најмалку една третина од гласачите запишани во избирачкиот список да излезат на гласање. По затворањето на избирачките места, Општинските изборни комисии ги собираат и проверуваат гласовите, а потоа ги доставуваат до ДИК. ДИК во рок од 48 часа ги објавува официјалните резултати.

- Доколку се утврдат сериозни неправилности, може да се распишат повторни избори на одредени места или во целата општина, со цел да се обезбеди фер и демократски изборен процес.

## ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Градоначалникот се избира по два круга на гласање. Доколку во првиот круг некој кандидат освои повеќе од 50% од гласовите, тој веднаш станува градоначалник. Ако никој не добие апсолутно мнозинство, се одржува втор круг меѓу двата кандидати со најмногу освоени гласови, две недели по првиот круг.

Советот на општината се избира според пропорционален модел. Граѓаните гласаат за листи на кандидати предложени од партии, коалиции или независни групи. Бројот на советници што ќе ги добие секоја листа зависи од процентот на освоени гласови, со цел во Советот да бидат застапени различните политички и општествени интереси.

# КАКО ДА ГО НАПРАВАМ МОЈОТ ИЗБОР?

Твојот избор за кого ќе гласаш од предложените кандидатие за градоначалник и советници е важна одлука која понатаму влијае изборните резултати. Со многу информации и ветувања, понекогаш е тешко да се одлучиш. Еве неколку совети кои ќе ти помогнат да направиш информиран избор.

### Запознај ги кандидатите и нивните програми

Погледни кои кандидати се на листите за градоначалник и за советници. Обрати внимание на нивните програми и ветувања. Дали тие зборуваат за теми што се важни за тебе и твојата заедница, како образование, спорт, јавен превоз, екологија или младински активности?

### Каде можеш да најдеш овие информации?

- Официјалните веб-страници на политичките партии и кандидатите.
- Платформите на локалните и национални медиуми.
- Социјалните мрежи каде кандидатите често објавуваат видеа, пораки и дебати.
- Јавни собири, дебати и средби со граѓани кои се организираат во твојата општина.
- Извештаи и анализи од организации што следат изборни процеси и транспарентност.

### Следи ги кампањите и новостите, но размислувај критички

Кампањите се начин на кој кандидатите комуницираат со граѓаните. Тие може да вклучуваат дебати, средби со граѓани, флаери, реклами и објави на социјалните мрежи. Следењето на кампањите ти помага да дознаеш повеќе за ставовите и вредностите на кандидатите. Но, не заборавај дека понекогаш се користат и преувеличувања. Биди во тек и пребарувај вести за кандидатите, нивните програми, медиумско присуство и слично. Но, во врска со изборите и кандидатурите можеш да се сретнеш и со дезинформации. Затоа, биди внимателен и секогаш провери од каде доаѓа информацијата.

### Размисли за политички вредности

Кандидатите обично се поврзани со политички партии или групи кои имаат свои идеологии и приоритети. Најчесто, добриот кандидат ќе го постави интересот на заедницата пред личните или партиските интереси. Сепак, запрашај се дали нивните вредности се усогласуваат со твоите ставови и размислувања за начинот на кој треба да се управува со општината и води политиката.

Кога размислуваш за кандидатите, без разлика дали е поединец за градоначалник или листа за советници, постави си ги овие прашања:

- Дали кандидатите имаат јасна и реална визија за развој на општината?
- Дали нивните програми се конкретни и остварливи?
- Дали имаат искуство или капацитет да ги спроведат ветувањата?
- Дали се отворени и чесни кон граѓаните?
- Дали ги застапуваат интересите на младите и целата заедница?
- Дали се подготвени да соработуваат и слушаат различни гледишта?

# СÉ ЗА ГЛАСАЊЕТО

Денот на локалните избори е денот кога ќе го оствариш своето право да гласаш кој ќе ја води твојата општина. Еве како да се подготвиш и што да очекуваш.

## 1. ПРЕД ГЛАСАЊЕТО

### Регистрација во избирачкиот список

За да можеш да гласаш, треба да бидеш запишан во избирачкиот список. Граѓаните обично се автоматски запишани во избирачкиот список во општината каде што имаат официјално живеалиште. Можеш да провериш дали си запишан во избирачкиот список во период од 20 дена, почнувајќи од 15 дена од распишување на изборите, преку:

- Веб-страницата на Државната изборна комисија, односно на izbirackispisok.gov.mk.
- Контактирајќи ја лично општинската изборна комисија или општината каде што живееш.

Ако не си запишан или имаш потреба од корекции на податоците на списокот, имаш право да поднесеш приговор пред Општинската изборна комисија, во рокот за поденување на приговори утврден со изборниот календар, за да се исправи грешката. Ова е важно да се направи навреме, за да можеш да гласаш.

### Каде и кога се гласа?

Гласањето се одржува на однапред утврдени избирачки места во твојата општина, најчесто во училишта, културни центри или други јавни објекти. Местото каде треба да гласаш е наведено во избирачкиот список, а можеш да го дознаеш и преку веб-страницата на ДИК.

Гласачките места се отворени од 07.00 часот наутро до 19.00 часот навечер. Во овој период можеш да пристигнеш во било кој момент за да го оствариш своето право.

## 2. НА ГЛАСАЧКОТО МЕСТО

### Проверка и идентификација

При пристигнувањето, ќе треба да се идентификуваш со валиден личен документ, како што е лична карта или пасош. Избирачките комисии ќе го пронајдат твоето име во избирачкиот список и ќе те регистрираат како гласач.

За да се зголеми сигурноста и да се спречат злоупотреби, гласачите се проверуваат и со отпечаток од прст, т.н. биометриска проверка. Оваа процедура е задолжителна и служи за потврда на твојот идентитет.

### Добивање на гласачки материјали

Откако ќе бидеш регистриран, ќе добиеш две гласачки ливчиња, едно за избор на градоначалник и едно за избор на советници. Доколку си жител на Скопје, ќе добиеш четири ливчиња, бидејќи треба да избереш градоначалник и советници за општината во која живееш и Град Скопје. Оттука се упатуваш кон параван, каде треба да ги пополниш гласачките ливчиња.

Како да го пополниш гласачкото ливче?

- За избор на градоначалник, на гласачкото ливче се заокружува редниот број пред името на кандидатот кој го избираш.
- За избор на советници, гласачкото ливче содржи листа на кандидатски листи, а ти гласаш за листата што ја поддржуваш со е заокружување на редниот број пред името на подносителот на листата.

Ако направиш грешка при пополнувањето, веднаш побарај ново гласачко ливче од избирачката комисија за да гласањето биде валидно. Откако ќе ги пополниш ливчињата, ги вметнуваш во соодветната гласачка кутија.

Што не смееш да правиш во тек на гласањето?

- Не е дозволено да внесуваш мобилен телефон или да фотографираш во параванот.
- Само едно лице смее да гласа во параван. Не е дозволено некој да влезе со тебе, освен ако не ти е одобрена помош од лице за гласање поради попреченост.
- За да биде твоето гласачко ливче важечко, мора да заокружиш со пенкало со сино мастило. Не користи моливи или други бои.

Твои права при гласањето

Гласањето е лично и тајно, и никој нема право да го знае твојот избор. Ако забележиш било каква повреда на твоето избирачко право, како што се притисок, манипулација или други неправилности, имаш право да поднесеш приговор или жалба.

Приговорот се поднесува до:

- Општинската изборна комисија на избирачкото место или
- Државната изборна комисија (ДИК), која има обврска да го разгледа и реши приговорот.

Членовите на изборна комисија се задолжени да ти помогнат и да обезбедат фер и слободен изборен процес.

## КАКО ИЗГЛЕДА ГЛАСАЊЕТО - ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

Пред гласањето

- Провери дали си запишан во Избирачкиот список на izbirackispisok.gov.mk
- Провери на кое гласачко место гласаш (можеш преку веб-страницата или со лична карта во ДИК)
- Запомни дека избирачките места се отворени од 07.00 до 19.00 часот
- Понеси лична карта или пасош

На денот на изборите

- Одиш на твоето гласачко место
- Службеното лице ја проверува твојата лична карта или пасош
- Се скенира твој отпечаток од прст
- Добиваш соодветни гласачки ливчиња
- Влегуваш во параван сам
- Го заокружуваш редниот број пред кандидатот или листата со сино пенкало
- Го преклопуваш и ставаш ливчето во гласачката кутија

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА И КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

**1. Каде можам да ги најдам листите со кандидати за мојата општина?**

Листите со кандидати се објавуваат на веб-страницата на Државната изборна комисија (ДИК) и на официјалните страници на општините. Исто така, многу партии и кандидати ги објавуваат своите листи и програми на социјалните мрежи.

**2. Што да направам ако не го најдам моето име во избирачкиот список?**

Ако не си запишан, треба веднаш да се обратиш до општинската изборна комисија со доказ за живеалиште и да побараш внесување. Ако не се реши навреме, на денот на изборите не ќе можеш да гласаш.

**3. Дали можам да гласам ако сум во друга општина или град?**

За локалните избори можеш да гласаш само на гласачкото место каде што си запишан, односно во општината каде што имаш официјално живеалиште.

**4. Дали постои можност за гласање преку пошта или на друг начин ако не можам лично?**

За локалните избори, гласањето е лично и не постои опција за гласање преку пошта.

**5. Кои документи треба да понесам на денот на гласањето?**

Понеси важечка лична карта или пасош. Без валиден документ, нема да можеш да гласаш.

**6. Како точно се пополнуваат гласачките ливчиња?**

На ливчето за градоначалник го заокружуваш редниот број пред името на кандидатот или листата која ја избираш.

**7. Што ако направам грешка при пополнување на ливчето?**

Веднаш побарај ново гласачко ливче од избирачката комисија за да гласањето биде валидно.

**8. Дали е безбедно да ги користам социјалните мрежи за да се информирам за кандидатите?**

Социјалните мрежи можат да бидат извор за информации, но внимавај на дезинформации и лажни вести. Користи повеќе извори и провери ги информациите на официјални страници.

**9. Како да ја следам работата на избраните кандидати по изборите?**

Следи ги нивните активности преку општинските веб-страници, локални медиуми и седниците на Советот. Можеш да учествуваш во јавни средби и дебати и да поставуваш прашања.